Република Северна Македонија

**Министерство за труд и социјална политика**

Сектор за социјална заштита

INTERCERT system certification ISO 9001:2015 CERTIFIED 0-034/2019

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAKEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup

| Примено: E pranuar: | 13-10-2020 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един. Njësia Org. | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
| 43- | 9441 | 1 | |

Архивски број: 10-5934/2
Датум: 06.10.2020 година

09-10-2020

До
Влада на Република Македонија
- Генерален секретаријат
Одделение за соработка со невладини организации

**Предмет:**Доставување на мислење по предлог-иницијативата на Здружението СОС Детско село Северна Македонија

Во врска со иницијативата на Здружението СОС Детско село Северна Македонија со наслов „Квалитет на децата во вон-семејната заштита (згрижувачки семејства) преку која се предлага зголемување на надоместокот за згрижување на дете во згрижувачко семејство за 50% по згрижено дете и измена и дополнување на Законот за социјална заштита со воведување на „професионален згрижувач„ кој ќе добива плата за својот ангажман, Министерството за труд и социјална политика ја поздравува иницијативата која е во насока на подобрување на квалитетот на сместување на децата во згрижувачките семејтва.

Меѓутоа, ова министерство истовремено информира дека со донесувањето на Законот за социјална заштита во мај 2019 година, преземени се значајни мерки за унапредување на згрижувањето како најсоодветна форма за обезбедување грижа за деца.

Во оваа насока, согласно донесената Одлука за утврдување на цените на социјалните услуги за вон-семејна заштита за 2020 година, месечниот надоместок за трошоците за сместено дете и надоместокот за згрижување се зголемија за 30%. Одлуката за утврдување на цените на социјалните услуги на годишно ниво ја носи министерот врз основа на претходно донесена методологија за пресметување на цените на услугите и доколку постојат услови истата може да биде изменета во однос на цената на одредена услуга.

Република Северна Македонија

**Министерство за труд
и социјална политика**

Сектор за социјална заштита

Во оваа област, во однос на видот на згрижувањето за првапат се воведе формата роднинско згрижување со што се овозможи децата да бидат згрижени од страна на најблиските роднини што е најдобар начин за нивна заштита, а роднините/згрижувачи да добијат надоместок за згрижувањето.

Во однос на иницијативата за воведување на професионален згрижувач„ кој ќе добива плата за својот ангажман, информираме дека во Закон за социјална заштита е предвидено физичко лице самостојно да врши работи од социјална заштита како професионална дејност, кои се однесуваат на помош и нега во домот, згрижување во семејство, лична асистенција и одмена на семејна грижа, доколку ги исполнува условите предвидени во законот. Истовремено, во член 123 е предвидено дека згрижувачот има право на надоместок на трошоците за сместување на лицето и надоместок за згрижување, а придонесот за пензиско и инвалидско осигурување и здравствено осигурување за згрижувачите кои вршат згрижување на лице во своето семејство како професионална дејност, се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија.

Поради наведеното сметаме дека дадените предлози се веќе апсолвирани со новите законски решенија, но секогаш постојат можности за воведување на новини во оваа област со цел подигање на квалитетот на грижата за децата во вон-семејна заштита.

Одговор по иницијативата е доставен до Здружението СОС Детско село Северна Македонија.

Со почит,

МИНИСТЕР
Јагода Шахпаска

Изготвил::Е.Тодоровa
Одобрил: С.Спасовска